До Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на Агенцијата за филм доставено е Барање за мислење во врска со издадено Мислење од страна на Државната комисија, со кое е констатирано постоење на судир на интереси поради фактот што лицето кое се јавува како сопственик и подносител на проект истовремено извршувало јавна функција – член на Управниот одбор на Агенцијата за филм, кое сега не ја извршува повеќе наведената функција.
Со оглед на наведеното, се бара мислење од Државната комисија дали по престанокот на функцијата и отсуство на статус на именуваното лице, постои можност за склучување на договор за финансирање со истото правно лице согласно Законот за филмска дејност и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Членот 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја регулира забраната за користење на заеми и други видови поддршка од државата и тоа:
*„**Правно лице чиј основач или сопственик било** или е избрано или **именувано лице** или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции **не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата** или од единица на локалната самоуправа.“*

Во однос проект во режија на лицето за кој е аплицирано на Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2023 година, преку Друштвото за филмска продукција, издавачка дејност и услуги, каде истото лице се јавува како

сопственик, применлива е забраната од член 52 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

**Имено, правно лице каде лицето се јавува како сопственик поради тоа што било именувано лице од страна на Владата на Република Северна Македонија за вршење на функцијата член на Управниот одбор на Агенцијата за филм, не може да користи грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.**

Заменик претседател,

м-р Цвета Ристовска